Врз основа на чл.40 став 4 од Правилата за котација согласно Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација која стапи во сила на 21.08.2018 година, **Акционерското друштво РАДЕ КОНЧАР- АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје**,заедно со годишните неревидирани, неконсолидирани финансиски извештаи за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година објавува и

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон резултатите на годишните неревидирани и неконсолидирани финансиски извештаи за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.**

**Општи податоци**

-Акционерско друштво РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, со седиште на бул.”3-та Македонска бригада” бб-Скопје, со ЕМБС: 4053222

-E-mail rk@radekoncar--ad.com.mk

-Еднostепен систем на управување: Одбор на директори во состав од 5(пет) члена од кои еден извршен директор и четири неизвршни членови на Одборот на директори

-Претежна дејност 64.20, управувачки активности со холдинг компанијата, еден вработен –Извршниот директор

**Подетално образложение за работењето на Друштвото по годишните неревидирани и неконсолидирани финансиски извештаи за 2022 година за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

**а)** Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, нема промени во сметководствените политики во однос на последните годишни финансиски извештаи.

**б)** Акционерското друштво во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година оствари нето добивка од 30,162,980,00 денари.
Во извештајниот период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, остварен е вкупен приход од 39,391,712,00 денари.
Во структурата на приходи во овој период влегува учеството на приходите од исплатените дивиденди остварени од добивката во 2021 година од друштвата во кои Акцинерското друштво има свои вложувања, приходи од тргување со хартии од вредност по кој основ е остварена капитална добивка, приходи по основ на уделот во добивката на придружните ентитети како и приходи од извршени услуги и наемнини од издавање на деловен простор.

Остварениот позитивен резултат укажува на тоа дека Друштвото и оваа година се стреми кон остварување на високи приходи и висок финансиски резултат.

**в)** Вкупните расходи во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, изнесуваат 7,366,903.00 денари.
Менаџментот на Акционерското друштво се стреми кон намалување на расходите и остварување на подобри финансиски резултати.

**г)** Во извештајниот период има исплатена дивиденда на акционерите од страна на Акционерското друштво.

**д)** Во извештајниот период, нема вложувања во недвижнини,во материјални средства има минимални вложувања.

**ѓ)** Во извештајниот период Друштвото не користеше кредити.

Во наредниот период се очекува добивката да се зголеми по основ на финансиски приходи од дивиденда и капитална добивка од пласирани средства во хартии од вредност, како и евентуално позитивен исход од судските постапки кои Акционерското друштво ги води во својство на Тужител. Заложбата на Друштвото е да се оплоди капиталот и да се зголеми финансискиот резултат.
Заложба на Одборот на директори како долгорочна политика е да се одржува ликвидноста на Друштвото и редовно да се исполнуваат сите законски обврски на Друштвото вклучително и да се исплаќаат сите потребни давачки кон државата и доверителите. Посебно Одборот на директори ќе се стреми да се постигнат што повисоки финансиски резултати и да се врши редовна исплата на дивиденда на акционерите според остварената добивка.

АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ